За разлика од 2021 и 2023 година, кога корупцијата беше идентификувана како најсериозен општествен проблем, во 2025 година граѓаните на Северна Македонија ги рангираат високите цени како своја главна грижа (46,6%), а корупцијата е веднаш зад нив (40,1%). Ова укажува дека инфлацијата, зголемените трошоци за живот и намалената куповна моќ ја зголемуваат економската несигурност, додека корупцијата и понатаму останува еден од клучните предизвици со кои се соочува општеството.



Иако загриженоста за корупцијата е намалена во однос на 2023 година, кога достигна 63,5%, таа и понатаму е рангирана како втор најзначаен проблем, што одразува трајна недоверба во институциите, управувањето и механизмите за отчетност. Здравствената заштита за прв пат влезе меѓу петте најважни грижи на граѓаните, додека политичката нестабилност (15,2%) е помалку приоритетна. Меѓуетничките проблеми и загадувањето и понатаму се меѓу најретко посочуваните проблеми.

Како главни причини за корупцијата граѓаните ги посочуваат желбата за брзо лично богатење на оние на власт (77%), неефикасниот судски систем (75%), недостатокот на строга административна контрола (74%) и непочитувањето на владеењето на правото (73%). Повеќе од две третини од испитаниците сметаат дека антикорупциското законодавство е слабо и недоволно се спроведува, а најмал дел ги посочуваат ниските плати во јавниот сектор како клучен фактор.

АКТУЕЛНОТО ИСКУСТВО СО КОРУПЦИЈАТА

1. КОРУПЦИЈАТА КАКО ОПШТЕСТВЕН ПРОБЛЕМ


Граѓаните во 2025 г. корупцијата ја гледаат како еден од најголемите општествени проблеми, но не е на првото место како во 2023г.

Високите цени се најголем проблем за граѓаните, додека корупцијата е веднаш зад нив, што укажува дека економската несигурност и инфлацијата ја пренасочуваат јавната загриженост, но корупцијата и понатаму се вбројува меѓу најголемите предизвици.

Северна Македонија: клучни проблеми, 2023 г. и 2025 г. (% од населението што ги идентификувало соодветните фактори како проблем)

2025	Категорија	2023
46,6%	Високи цени	16,2%
40,1%	Корупција	63,5%
33,6%	Ниски приходи	24,2%
33,4%	Здравствена заштита	19,0%
28,4%	Криминал	25,3%
24,7%	Сиромаштија	25,5%
22,8%	Невработеност	17,9%
15,22%	Политичка нестабилност	38,6%
15,5%	Образование	14,0%
15,5%	Меѓуетнички проблеми	7,8%
6,4%	Загадување	6,0%

2. ФАКТОРИ ШТО ВЛИЈААТ ВРЗ РАСПРОСТРАНЕТОСТА НА КОРУПЦИЈАТА %



Според граѓаните желбата за брзо лично богатење на оние на власт (**77%**) и неефикасноста на судскиот систем (**75%**) се водечки фактори за широко распространетата корупција. Дополнително се истакнува и недостигот на строг административен надзор, наследени проблеми од минатото, непочитување на законите и недоволната заштита на пријавувачите на корупција, што укажува на перцепција на системска неказнивост.

Извор:
Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025

Финансирано од Европска Унија
ЕУ е со ТЕБЕ
CEI CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE
Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation
Овој инфографик е финансиран од Европската Унија, Централноевропската иницијатива, со придонес на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на МЦМС и СЕЛДИ и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија, Централноевропската иницијатива или Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка.
SELDI.net
МЦМС МЕЃУНАРОДНИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Пораст на коруптивниот притисок и вклученоста

Во 2025 година, 36,7% од испитаниците биле изложени на коруптивен притисок - ситуации во кои од нив било побарано или им било сигнализирано дека се очекува поткуп - додека 30,6% пријавиле директна вклученост во корупција. Во споредба со 2023 година, ова е пораст од над пет процентни поени кај двата показатели. Разликата меѓу притисокот и вклученоста останува речиси непроменета, што укажува на стагнација во отпорот на граѓаните кон корупцијата.

Проекциите покажуваат дека на околу 536.000 полнолетни граѓани барем еднаш им бил побаран поткуп, а над 448.000 дале поткуп во изминатата година, што укажува на широка распространетост на административната корупција. Со оглед на тоа што станува збор за поединечни случаи, ова значи најмалку 447.839 потенцијални коруптивни дела годишно.

АКТУЕЛНОТО ИСКУСТВО СО КОРУПЦИЈАТА


КОРУПТИВЕН ПРИТИСОК И ВКЛУЧЕНОСТ ВО КОРУПЦИЈА

Индексот на коруптивниот притисок се мери според контактите со службените лица и барањето од нивна страна да им се даде одредена сума пари, подарок или да се направи услуга.

Притисокот е придружен со јасно барање (експлицитно барање) или сигнали (преку клучни изрази или знаци) дека службеното лице очекува нешто за возврат.

Коруптивен притисок и вклученост во корупција

% од граѓаните со +18 на кои им било побарано да дадат или дале поткуп (пари, услуги, подароци) во минатата година



- Во **2025 г.**, **36,7%** од граѓаните биле изложени на коруптивен притисок, додека **30,6%** биле вклучени во корупција.
- Споредбено со **2023г**. се бележи пораст од **над 5 процентни** поени во двата индекса.
- Разликата меѓу притисокот и вклученоста во **2025 година** останува речиси на исто ниво, што укажува на стагнација во отпорот на граѓаните кон корупцијата.

Проекции на притисок и вклученост во корупција

Анкетен резултат		Бр. на населението (проекција)
36,70%	**Притисок**	535.993
30,60%	**Вклученост**	447.839

Доколку се направи проекција според последната процена на населението, Во 2025г. на речиси **536 илјади** полнолетни граѓани **им бил побаран поткуп** барем еднаш и над **448 илјади** граѓани **поткупиле барем еднаш** изминатата година, што укажува на широка распространетост на административната корупција.

Извор:
Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025

Финансирано од Европска Унија
ЕУ е ТЕБЕ
CEI CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE
Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation
Овој инфографик е финансиран од Европската Унија, Централноевропската иницијатива, со придонес на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на МЦМС и СЕЛДИ и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија, Централноевропската иницијатива или Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка.
SELDI.net
МЦМС МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Расте прифатливоста и подложноста на корупција

Во 2025 година, 53,7% од испитаниците изјавуваат дека не би прифатиле ниту една форма на коруптивно однесување, наспроти 46,3% кои би прифатиле такво однесување. Ова е значително влошување во однос на претходните истражувања (62,9% наспроти 37,1% во 2023 и 63,3% наспроти 36,7% во 2021 година). Иако младите на возраст од 18 до 29 години и понатаму се групата со најниска толеранција кон корупцијата, негативна промена се забележува и кај нив: во 2025 година околу 70% од младите ги сметаат повеќето коруптивни практики за неприфатливи, наспроти над 80% во 2023 година.

Проектирано на последната процена на населението, за околу 677.763 полнолетни граѓани корупцијата е прифатлив начин на однесување. Оваа бројка е значително повисока од претходните и претставува сериозен предизвик за креирање и спроведување ефективни антикорупциски политики, особено бидејќи ваквите ставови лесно можат да бидат злоупотребени од политички и бизнис актери.


Дополнително загрижува тоа што дури 45% од граѓаните се оценети како подложни на корупција - највисоко ниво забележано од 2014 година, наспроти 19% во 2023 и 31% во 2021 година. Истовремено значително опаѓа уделот на граѓаните кои не се подложни на корупција (од 39,9% на 26%), како и на оние со мешано однесување (од 41,1% на 29%). Иако се намалува уделот на граѓаните кои би дале поткуп „по секоја цена“, вкупната подложност и понатаму расте. Наодите укажуваат на трајна амбивалентност: моралната осуда е широко распространета, но практичната толеранција постојано расте - што говори за ниска доверба во институциите и во можноста проблемите да се решат без коруптивни практики.

СТАВОВИ ЗА КОРУПЦИЈА

ПРИФАТЛИВОСТ НА КОРУПЦИЈА (%)

Индексот го покажува степенот до кој коруптивните практики или корупцијата се толерираат во рамките на вредносниот систем на општеството.

% од граѓаните со 18+ кои прифаќаат различни видови корупција



Ако се земат предвид различните форми на коруптивни практики и истите се споредат со оние кои не прифаќаат воопшто никакви форми на корупција, ќе добиеме сооднос од **53,7%** кои не би прифатиле, наспроти **46,3%** на лица кои би прифатиле такво однесување, што укажува на зголемена прифатливост на корупцијата во споредба со **2023 г.**


Проекцијата покажува дека за околу **677.763 полнолетни граѓани** во Северна Македонија корупцијата е прифатлив начин на однесување, што е значително зголемување во однос на претходните истражувања и сериозно го отежнува развојот на ефективни антикорупциски политики.

ПОДЛОЖНОСТ НА КОРУПЦИЈА (%)

Индексот за подложност ја мери склоноста на граѓаните да ги компромитираат нивните вредности под притисок на околностите, односно кога се соочени со реални животни ситуации, кои бараат од нив да донесат одлука дали да користат корупција или не, знаејќи дека ќе има непосредни последици за оној кој ја донел одлуката.

Подложноста на корупција бележи значителен пораст. Во **2025 година, 45%** од граѓаните се подготвени да прифатат или дадат поткуп во одредени околности за разлика од **19%** во истражувањето од **2023 г.**

Зголемувањето на процентот на подложни на корупција во **2025 г.** значи дека е намален бројот на оние граѓани со мешано однесување, а загрижувачки е податокот дека опаѓа и бројот (**26%**) на граѓани кои не се подложни на корупција.



Извор:
Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
CEI CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE
Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation
Овој инфографик е финансиран од Европската Унија, Централноевропската иницијатива, со придонес на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на МЦМС и СЕЛДИ и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија, Централноевропската иницијатива или Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка.
SELDI.net
МЦМС МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА


Судиите и обвинителите на врвот на перцепцијата за корупција

Судиите и понатаму се професионалната група која најмногу се перцепира како корумпирана - 79% од граѓаните сметаат дека речиси сите или повеќето судии се вмешани во корупција. По нив следуваат јавните обвинители (74,6%), полициските службеници (69,8%), лидерите на политичките партии и коалиции (66,3%) и пратениците (64,9%). Најниска перцепција за корупција има кај наставниците (24,6%) и банкарите (28,1%), како и кај универзитетските професори и претставниците на граѓанските организации. На институционално ниво, судовите се на врвот со 73,1% високи оценки (4 и 5), а по нив следуваат Јавното обвинителство (64,1%), Царината (64,0%) и Министерството за здравство (63,3%).


Резултатите покажуваат дека граѓаните сè повеќе ја перцепираат корупцијата како системски проблем, обликуван од општата состојба во општеството, медиумското известување и јавните дебати, а не само од личното искуство. Иако довербата во Владата и министрите е подобрена, вниманието на јавноста сè повеќе е насочено кон судството, обвинителството, полицијата и царината.

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА

ПЕРЦЕПЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПРОФЕСИИТЕ



ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА РАСПРОСТРАНЕТОСТА НА КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ



Извор:
Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со ТЕБЕ
CEI CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE
Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation
Овој инфографик е финансиран од Европската Унија, Централноевропската иницијатива, со придонес на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на МЦМС и СЕЛДИ и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија, Централноевропската иницијатива или Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка.
SELDI.net
МЦМС МЕЃУНАРОДНИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Песимизам за иднината, но подобрена доверба во дел од институциите


Мнозинството граѓани очекуваат коруптивниот притисок да продолжи: 78,9% сметаат дека постои веројатност или голема веројатност за тоа, а само 21,1% дека изложеноста ќе биде мала или нема да постои. Граѓаните се и изразито песимистични за можностите за намалување на корупцијата - дури 66,6% веруваат дека таа не може значително да се намали, наспроти 33,2% кои веруваат дека може значително да се намали или искорени. Ваквиот песимизам може да ја зголеми толеранцијата кон корупцијата и ризикот од вклученост во коруптивни практики.

Сепак, довербата во антикорупциските институции покажува позитивен тренд. Во 2025 година, 47,4% од граѓаните изразиле целосна или делумна доверба во Владата, наспроти 23,6% во 2023 година, а најголем пораст на доверба бележи Министерството за внатрешни работи (50,3%). Кај Државната комисија за спречување корупција има благ пораст на недовербата, додека судовите (86,3%) и Јавното обвинителство (77,3%) остануваат институциите со најниска доверба во справувањето со корупцијата.

ПЕРЦЕПЦИЈА ЗА КОРУПЦИЈА

ВЕРОЈАТНОСТ ЗА КОРУПТИВЕН ПРИТИСОК


Перцепции за веројатноста за коруптивен - % од граѓаните со 18+ кои сметаат дека корупциското притисок е многу веројатен, веројатен наспроти не е веројатен и не е воопшто веројатен




- Поголемиот дел од граѓаните сметаат дека коруптивниот притисок ќе продолжи да постои и во иднина. **Во 2025 година, 78.9% од граѓаните** (**82,0% во 2023** г.) сметаат дека постои веројатност или голема веројатност на коруптивен притисок, **наспроти само 21,1%** (**18,0% во 2023**) кои сметаат дека изложеноста на коруптивен притисок ќе биде мала или воопшто нема да постои.
- Ова постојано високо ниво на перцепцијата за постоење коруптивен притисок испраќа **негативен сигнал меѓу граѓаните дека е можно справување со корупцијата.**

ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ИЗВОДЛИВОСТ НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

- Во однос на перспективите за сузбивање на корупцијата, **во 2025 година граѓаните покажуваат загрижувачки песимизам**, односно **66,6%** од нив веруваат дека корупцијата не може значително да се намали, додека **само 33,2% сметаат дека корупцијата може да се намали или целосно да се искорени.**
- Ваквиот песимизам претставува опасност за поттикнување повисоки стапки на прифатливост и вклученост во корупција.



ДОВЕРБА ВО АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ



- **Во 2025 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) добива најголема доверба** меѓу граѓаните како институција што може успешно да се справува со корупцијата (**50,3%** целосна или делумна доверба), а **веднаш зад него е Владата со 47,4% доверба**, што претставува значителен пораст во однос на 2023 година.
- **Судовите (86,3% недоверба) и јавното обвинителство (77,3%)** и понатаму се сметаат за најнеефикасни и најнедоверливи институции во справувањето со корупцијата.

Целосна доверба
Делумна недоверба
Делумна доверба
Целосна недоверба

Извор:
Извештај за проценка на корупцијата во Северна Македонија 2025

Финансирано од Европска Унија
ЕУ со тебе
CEI Central European Initiative
Ministry of Foreign Affairs and International Cooperation
Овој инфографик е финансиран од Европската Унија, Централноевропската иницијатива, со придонес на Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија. Содржината на инфографикот е единствена одговорност на МЦМС и СЕЛДИ и не нужно ги одразува ставовите на Европската Унија, Централноевропската иницијатива или Министерството за надворешни работи и меѓународна соработка.
SELDI.net
МЦМС Македонски центар за меѓународна соработка